# МЕСЕЧЕН БИЛТЕН

Публикација на Сојузот на синдикатите на Македонија
Излегува еднаш месечно
Број 9, Септември 2014 година

# УШТЕ ЕДНА УСПЕШНА ЗАВРШЕНА ПРВОМАЈСКА КАМПАЊА НА ССМ-ПРИФАТЕНИ БАРАЊАТА НА ССМ ЗА ИЗМЕНИТЕ НА ЗАКОНОТ ЗА БЗР

**15.9.2014**

На 15.9.2014 година во просториите на Министерството за труд и социјална политика, се одржа 24-тата седница на Економско- социјалниот совет на која присуствуваа социјалните партнери членови на ЕСС.

На седницата беа разгледани повеќе закони. Се прифатија барањата на Сојузот на синдикатите на Македонија по однос на Предлог измените на Законот за безбедност и здравје при работа, Предлог измените и дополнувањата на Законот за минимална плата и Предлог законот за забрана и спречување за вршење на нерегистрирана дејност. По однос на барањата на ССМ социјалните партнери исто така го дадоа својот глас.

# ПОТПИШУВАЊЕ НА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНУВАЊА НА КОЛЕКТИВНИОТ ДОГОВОР НА ВРАБОТЕНИТЕ ВО ШУМАРСТВО- РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОЕКТОТ СО BWI-



Потпишување на КД со менаџментот на ЈП „Македонски шуми“

**3.9.2014**

На ден 3.9.2014 година, во просториите на Сојузот на синдикатите на Македонија потпишани се Измените и дополнувањата на Колективниот договор на вработените во шумарството, односно за работниците во ЈП за стопанисување со шуми (ЈП „Македонски шуми“ П.О. Скопје).

Пред членовите на Претседателството на Синдикатот на работниците од шумарството, дрвната индустрија и енергетика на РМ (СШДИ), претседателите на синдикалните организации, претставници на младите и жените и пред дел од менаџерскиот тим, претседателот на СШДИ д-р Живко Митревски со претседателот на Управниот одбор на ЈП „Македонски шуми“ Горан Анастасовски и генералниот директор на ЈП „Македонски шуми“ Жарко Караџоски, ги потпишаа измените и дополнувањата на Колективниот договор. Истовремено, беше утврден и пречистениот текст и продолжено дејството на Колективниот договор за наредните 2 години.

Во Колективниот договор извршени се усогласувања со Измени и дополнувања на ЗРО и со други закони, утврдена е најниската плата и воведени се повеќе нови глави и институти што претставува новина во Колективниот договор.

Во оваа смисла внесена е и нова глава посветена на информирање и консултирање, во која се предвидува и разработува начинот и постапката за информирање и консултирање и воведување на претставникот на синдикатот за информирање и консултирање.

Една нова глава е посветена на забрана за психичко вознемирување (МОБИНГ) во која се операционализира дел од новодонесениот Законот за заштита од вознемирување на работно место како и допрецизирани се повеќе одредби поврзани со надоместоците, додатоците и теренскиот додаток.

Потпишувањето на Колективниот договор беше поврзано и реализиран во рамките на Проектот кој се спроведува со BWI посветен на подигнување на вештините посебно на жените и младите, околу грижата за безбедност и здравје при работа и за колективно договарање.

СШДИ и со потпишувањето на овој Колективен договор покажа, а во смисла на имплементација на Проектот дека ваквите обуки носат резултати и се неопходно потребни за спроведување на преговарачкиот процес, колективното договарање и безбедност и заштита при работа.

# ПРОДОЛЖУВА ПОТПИШУВАЊЕТО НА КД НА ЗДРУЖЕНИТЕ СИНДИКАТИ ВО ССМ - ПОТПИШАН КД ЗА ЗАШТИТНИ ДРУШТВА НА МАКЕДОНИЈА-




Потпишување на КД за заштитните друштва на Македонија

**25.9.2014**

Во рамките на стратегијата на Сојузот на синдикатите на Македонија (ССМ) за развој на социјалниот дијалог и доуредување на правата и обврските на вработените на 25.9.2014, во просториите на ССМ потпишан е колективен договор за заштитни друштва од страна на Синдикатот на работниците од угостителството, туризмот, комунално-станбено стопанство, занаетчиство и заштитни друштва на Македонија (СУТКОЗ) и Заедниците на заштитни друштва на Македонија (ЗАПОВИМ) при Организацијата на работодавачите на Македонија (ОРМ).

Во своето обраќање во врска со потпишувањето на овој колективен договор, претседателот на ССМ, д-р Живко Митревски го изрази задоволството од постигнатиот договор помеѓу социјалните партнери и посака успешно имплементирање на одредбите од колективниот договор во практиката. Потпишувањето на овој колективен договор е резултат на континуитетот во социјалниот дијалог што го негуваат потписниците, а што е уште поважно, со оглед на тоа што се однесува за посебна категорија на работници и на заштитни друштва, значењето на потпишувањето на овој колективен договор добива уште поголема тежина.

Во обраќањата, претседателот на ОРМ, Ангел Димитров и претседателот на СУТКОЗ, Дарко Димовски, исто така го потенцираа значењето на овој колективен договор и ги потенцираа карактеристиките кои значат дорегулирање на правата и обврските на работниците во заштитните друштва. Инаку, согласно законската регулатива, овој колективен договор се склучува за период од две години, ги дефинира постапките за измени и дополнување, услови за работа на синдикатот, заштита на работниците, воведува ново поглавје информирање и консултирање за безбедност и здравје при работа, додатоците, надоместоците, платата, а истовремено во текстот се врши усогласување со измените и дополнувањата од Законот за работни односи.

# ТВИНИНГ ПРОЕКТ „ПОДДРШКА НА АГЕНЦИЈАТА ЗА ВРАБОТУВАЊЕ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА АКТИВНИ МЕРКИ И УСЛУГИ НА ПАЗАРОТ НА ТРУДОТ“

**3.9.2014**




Претседателот на Сојузот на синдикатите на Македонија, д-р Живко Митревски, присуствуваше во „Музејот на македонската борба“ по повод свеченоста за отпочнување на Твининг проектот „Поддршка на Агенцијата за вработување за спроведување на активни мерки и услуги на пазарот на трудот“, финансиран од Европската Унија, кој е пак заеднички проект на Агенцијата за вработување, Министерството за труд и социјални работи на Германија и Министерството за социјална заштита и труд на Литванија.

Покрај институциите корисници на овој проект присутни беа и министерот за труд и социјална политика, Диме Спасов, директор на Агенцијата за вработување на Македонија, Влатко Поповски, амбасадорот на Република Германија, Кристине Алтхаузер, раководителот на одделот за соработка-Делегацијата на Европската унија, Мартин Клауке и претставници од Секретаријатот за Европски прашања.

Главна цел на проектот е да се подобри квалитетот, ефикасноста и ефектите од услугите кои ги нуди Агенцијата за вработување, со цел да се намали невработеноста и да се спречи лицата кои се вработени да станат невработени. Исто така проектот цели кон подобрување на услугите и мерките за вработување за лицата во понеповолна положба на пазарот на трудот и зголемен број на невработени лица кои имаат полза од услугите на Агенцијата за вработување.

Од овој проект се очекува Агенцијата за вработување да изгради капацитет за оценување на релевантноста, ефикасноста и резултатите од спроведените активни политики и мерки на пазарот на трудот во поглед на потребите на невработените и работодавачите, понатаму зајакнување на капацитетот на Агенцијата за вработување за развој и отпочнување на нови и подобрување на постоечките активни политики и мерки на пазарот на трудот, зајакнување на активните политики и мерки на пазарот на трудот финансирани од ИПА и секако подобрување на услугите на Агенцијата за вработување како продолжение на модернизацијата на Агенцијата.
Со овој проект се очекува 90% од вработените во Агенцијата за вработување да бидат обучени.

# РАБОТНА ПОСЕТА НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА СИНДИКАТОТ ЗА ШУМАРСТВО ДРВНА ИНДУСТРИЈА И ЕНЕРГЕТИКА НА Р. МАКЕДОНИЈА- СШДЕ ВО СРБИЈА



Перо Нечак, д-р Живко Митревски и Радомир Стевиќ

**18.9.2014**

Претседателот на Синдикатот на шумарство дрвна индустрија и енергетика на Р. Македонија- СШДЕ, воедно и претседател на Сојузот на синдикатите на Македонија, д-р Живко Митревски, на 18.9.2014 година имаше координативна работна средба со претседателот на Самостојниот синдикат за шумарство и преработка на дрво на Србија, Радомир Стевиќ.

На работната средба беше разговарано за состојбата со шумарството и дрвната индустрија во Македонија и Србија и во јавните претпријатија „Србија Шуме“ и Македонски Шуми“. Исто така на средбата беше разговарано и за искуствата од синдикално организирање во овие две гранки, колективното договарање и членување на овие гранки во Меѓународната организација на работниците од градежништвото и шумарството- BWI.

При тоа заеднички беа разгледани и темите поврзани со одржувањето на Европскиот комитет на Меѓународната организација на работниците од градежништвото и шумарството- BWI.

Во еднодневната средба претседателот Митревски имаше средба и прием во ЈП „Србија Шуми“, каде беше разговарано со дел од менаџментот на оваа претпријатие и со претседателот на Синдикалната организација Перо Нечак.

Во Сојузот на самостојните синдикати на Србија, претседателот имаше работен состанок и со секретарот на СССС, Зоран Михајловиќ, при што беше разговарано за активностите на сојузите околу работното законодавство, пензиските системи како и потребата од размена на искуства по однос на овие прашања.

На оваа средба посебно беше актуелизирана потребата од развој на социјалниот дијалог, а во овој контекст беа договорени заеднички активности околу проектот за развој на социјалниот дијалог во државите од југоисточна Европа-ЈИЕ.

# ОДРЖАНА 42-та СЕДНИЦА НА ПРЕТСЕДАТЕЛСТВОТО НА ССМ

**23.9.2014**

Претседателството на Сојузот на синдикатите на Македонија ја одржа 42-рата седница на која што беа разгледани повеќе информации и тоа: Информација за состојбата со потпишани колективни договори и колективно договарање, информација за активностите на ССМ околу исплата на регресот за годишен одмор, информација за одржана седница на ЕСС, како и други тековни прашања.

На седницата на претседателството на ССМ беа присутни поголемиот број на претседатели на грански синдикати, ненајавено отсутни на седницата беа: Пеце Грујовски, претседател на УПОЗ, Пеце Ристески, претседател на СИЕР и Милован Арсовски, претседател на ГИФИХ.

Во своето воведно излагање претседателот на ССМ го потенцираше значењето на колективното договарање и легитимирањето на синдикатите во процесот за уредување на работно правните обврски помеѓу работниците и работодавачите. Беше истакнато дека овој процес, во континуитет мора да се реализира со заложба таму каде не се формирани соодветните одбори надлежни за дел на гранска дејност во рамките во структурите на работодавачите да се направат заеднички напори тоа да се реализира, а беше нагласена и потребата за интензивирање и на позицијата на ресорните министерства заради поттикнување на процесот на колективно преговарање. По обемната дискусија беа донесени повеќе заклучоци како:

- Системот на колективно договарање утврден во работното законодавство кој е поставен на 3 основи со можност за потпишување на колективни договори на ниво на работодавач, гранка и општ колективен договор во приватен и јавен сектор во моментот соодветствува на потребите на социјалните партнери за регулирање на работно правните обврски и во моментот не треба да се менува;
- Претседателството на ССМ оценува дека заради интензивирање на процесот на колективно преговарање и склучување на колективи договори потребно е во идните измени на Законот за работни односи да се дефинира и посебен член кој ќе упатува на обврската и должностите на социјалните партнери за поттикнување на процесот на колективното преговарање;
- Заради реализација на интензивирање на процесот на колективното преговарање, претседателството на ССМ оценува дека потребно е да се одржи посебен состанок со Организацијата на работодавачи на Македонија, како репрезентативен претставник на работодавачите и член на ЕСС, како и одржување на посебна конференција посветена на колективното преговарање и договарање;
- Реализација на систем на обуки за колективно преговарање на ниво на работодавач и
- Состанок со директорот на ТИРЗ.

По однос на втората точка на дневниот ред беше направена анализа во делот на спроведувањето на обврската на работодавачите за исплата на регрес за годишен одмор, а по однос на информацијата за одржаниот состанок на ЕСС, претседателот на ССМ, д-р Живко Митревски информираше дека со прифаќањето на измените и дополнувањата на законот за Безбедност и здравје при работа уште еднаш успешно се зацврстува и реализира кампањата на ССМ која започна на Први мај, а е посветена точно на измените во овој закон проследени со барање од страна на ССМ за измени и дополнувања, со кои се јакнат позициите во оваа област, а особено во делот на контролата на претседателот на синдикалната организација и воопшто на синдикатот. Исто така, на одржаната седница на ЕСС на 15-ти септември 2014 година прифатени се и измените и дополнувањата на Законот за минимална плата со кои се зголемуваат казните, но и се отвора можност за затворање на одредени правни субјекти кои не исплаќаат минимална плата согласно законот. На оваа седница на ЕСС, исто така беше дадена поддршка на Предлог законот за забрана и спречување на вршење на нерегистрирана дејност.

На крајот од седницата од страна на претседателот на ССМ беше информирано и за активностите на ССМ за формирање на центарот за обука и едукација.

# ОДРЖАН III-ОТ КАМП НА ОДБОРОТ НА МЛАДИ НА РЕГИОНАЛНИОТ СИНДИКАЛЕН СОВЕТ




**Учесници на кампот**

**18-21.9.2014**

Од 18 до 21септември во Марија Бистрица, Хрватска се одржа III камп на Одборот на млади на Регионалниот синдикален совет „Солидарност" на кој свое учество земаа вкупно 46 членови на синдикалните централи од Босна и Херцеговина, Црна Гора, Хрватска, Македонија, Словенија и Србија. Како гости на кампот присуствуваа гости од Австрија, членови на синдикална конфедерација OGB и PRO-GE.

Сојузот на синдикатите на Македонија го претставуваше делегација од четворица млади синдикалци членови од Секциите за млади на гранковите синдикати при ССМ .

Кампот е дел од регионален проект на Фондацијата Фридрих Еберт кој се спроведува со цел, одржување на младински кампови на кои би се разработувале теми за синдикалното дејствување меѓу младите со примарната цел-придонес на синдикатите во ЕУ интеграцијата на земјите кандидати, а притоа да се изврши вмрежување и соработка на младите синдикалци од регионот, а со тоа ќе се придонесе за зголемување на информираноста и активноста на младите и развивање на идеи а воедно да се разменуваат искуства и позитивни практики на синдикатите од земјите од регионот со активна поддршка на експерти ангажирани од Фондацијата „Фридрих Еберт" кој ги следат директивите на ЕУ, конвенциите на МОТ и ја промовираат синдикалната соработка.

Специфичната тема за овој камп беше „Младите во синдикатот" односно промоција и размена на меѓусебни искуства за нови начини на комуницирање и организирање на младите.

Во рамките на првиот ден од кампот беше одржана кратка презентацијата, на која беа претставени активностите на Секциите на млади од синдикалните централи на националните и гранските синдикати од земјите учеснички, каде што и Секцијата млади при ССМ имаше активно учество со своја презентација.

Преку презентацијата беа презентирани активностите на СМ СММ во однос на период од една година на полето во комуникацијата со младите, организирањето и регрутирање на младите луѓе како нови членови на гранските синдикати а со тоа зголемување на членството на ССМ.

Како добар пример од праксата на оваа тема беше презентиран проектот на СМ при Македонскиот полициски синдикат „Моја34", проект кој предизвика заинтересираност кај сите присутни, а како доказ за тоа, за време на презентацијата беше отворена широка расправа, на која беа разменети искуства. Како севкупен заклучок и констатација од присутните беше дека овој проект е добар пример кој има своја конкретна цел, активности, видливи резултати на полето регрутирање на младите луѓе во синдикатот.

Вториот и третиот ден на кампот членовите на секоја од секциите на млади планираа мини кампањи на тема комуницирање на синдикатите со младите членови и зачленување на младите, како и прилагодување на расположливите капацитети на поедини секции на младите, како после кампот истите би се спровеле во пракса. Се дискутираа идеи за можна мини- кампања на тема комуникација и / или регрутирање на младите луѓе.Исто така се работеше во групи на теми за мини- кампања како на пример: безбедност и заштита при работа, како да се претстави синдикатот во најдобро светло, што нуди тој за млади работници како и кампања за регрутирање на нови членови на синдикат кај одредени секторски групи и индивидуални синдикални организации и претпријатија. Во работната сесија на кампот свое излагање имаа и гостите на кампот односно членовите од Австрија, поточно OGB и PRO-GE. Тие ја претставија организационата поставеност на нивните синдикални централи, со посебен осврт на својата работа на полето комуникацијата и синдикално организирање во сите стадиуми од училиште до вработување на младите луѓе во Австрија.

Како генерален заклучок од кампот беше да се основа идеја за конкретна кампања од која ќе произлезат работи и активности на сите СМ во земјите од кои доаѓаат, во насока за подготовка на кампањата и планирање на конкретен проект, со конкретно дефинирање на целта, целните групи и очекуваните резултати, изборот на алатки за комуникација како и прецизно дефинирање на сите активности чекори кои се потребни да се спроведат за успех на кампањата.

# 18-ТА СИНДИКАЛНА ШКОЛА НА СИНДИКАТОТ ЗА ЗДРАВСТВО, ФАРМАЦИЈА И СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА НА РМ

**26-28.9.2014**

Од 26 до 28 септември 2014 г. во Охрид, се одржа 18-тата по ред Синдикална школа на Синдикатот за здравство, фармација и социјална заштита на РМ.

Школата ја отвори претседателот на Синдикатот за здравство, фармација и социјална заштита на РМ, д-р Љубиша Каранфиловски, а свое обраќање имаше и претседателот на Сојузот на синдикатите на Македонија, д-р Живко Митревски. Во своето обраќање претседателот д-р Митревски направи ретроспектива на активностите на ССМ во претходниот период потенцирајќи ја успешноста на кампањата на Први мај во врска со Измените и дополнувањата на Законот за безбедност и здравје при работа. Исто така, тој ги потенцираше и Измените на Законот за работни односи во делот на пензискиот систем, укажувајќи дека Синдикатот остана доследен на своите ветувања по однос на зголемувањето на границата на пензискиот стаж со оглед на доброволниот карактер.



Обраќање на претседателот на ССМ, д-р Живко Митревски

Реализацијата на едукативниот концепт е од исклучително значење на синдикатите и на ССМ, што Синдикатот за здравство традиционално го исполнува 18-ти пат по ред.

По однос на темата за положбата на вработените во контекст на Законот за вработените во јавениот сектор и Законот за административни службеници, претседателот, д-р Митревски, укажа на активностите на синдикатите од јавен сектор и ССМ, во видоизменувањето на концептот во овие закони, внесувањето на повеќе работнички права, зајакнувањето на системот на колективни договори за овие вработени, како и партиципацијата на Синдикатот во оценувањето и дисциплинската комисија.

# ПРЕГОВОРИТЕ ЗА КОЛЕКТИВНИОТ ДОГОВОР ВО ПРЕХРАМБЕНАТА ИНДУСТРИЈА И РАБОТНИТЕ ПОСЕТИ НА ССМ ПРОДОЛЖУВААТ




**Претседателот д-р Митревски на работната посета во „МИК“ – Свети Николе**

**30.9.2014**

Претседателот на Сојузот на синдикатите на Македонија, д-р Живко Митревски, претседателот на Синдикатот од АГРО индустрискиот комплекс, Живко Даневски и секретарот на Советот на ССМ, Анѓелко Анѓелковски, имаа работна посета во претпријатието „МИК“ Свети Николе.

Во разговорите одржани во претпријатието со директорот Влатко Ѓоргиевски и претседателот на Организација на работодавачи на Македонија, Ангел Димитров, беше разговарано за продолжување на преговорите за потпишување на Колективниот договор за прехранбена индустрија, како и за реактивирање на синдикалното организирање и потпишување на Колективен договор на ниво на претпријатие. Присутните беа запознаени и со активностите кои се реализираат во самото претпријатие во кое се вработени 400 работници.

# Регионални синдикални претставништва и синдикални канцеларии

**РСП Тетово**
Работни посети и состаноци за тековните проблеми во синдикалните организации и зачленување на нови членови во печатница „Напредок“ ДООЕЛ Тетово и АД Тетекс, Тетово.

**РСП Скопје**
Остварена средба за формирање нова синдикална организација во Државниот завод за ревизија.

**РСП Охрид**
Реализирани работни средби за формирање на нови синдикални организации и посредување во решавањето на тековните проблеми во синдикалните организации на АД „Хотели Метропол“, АД „Лихнида“, ЕМО „Производство“ ДООЕЛ , ЕМО „Монт“ ДООЕЛ- с.Косел, Охрид и ЈП Билјанини Извори од Охрид.

**РСП Велес**
Остварена работна средба за зачленување на нови членови со посредство на претседателот на АГРО синдикатот, Живко Даневски и директорот на Вардар Градско и Агенцијата за сезонски работници.
Пружена правна помош на 4 работници.

**РСП Куманово**
Одржани состаноци во Агенцијата за вработување за реализација на Пилот проектот-Подршка на АВРМ во имплементација на активните мерки за вработување и услуги.
Работни посети на ФЗЦ „11 Октомври“ , Локална самоуправа-Куманово и „Жито Мел“ од Куманово
Пружена правна помош на 5 вработени од Југ-Турист кои не се членови на синдикатот.

**РСП Прилеп**
Работна посета на претседателот на синдикатот на СИЕР, Пецо Ристески на Еурокомпозит од Прилеп.
Успешна реализација на исплатата на надоместокот за годишен одмор и К-15 во “Витаминка“- Прилеп и Прилепска пиварница, а во скоро време ќе биде и исплатата на К-15 и во АД Тутунски Комбинат-Прилеп.

**РСП Кавадарци**
Работна посета на ЈП Македонски шуми ШС Бор-Кавадарци.
Одржани состаноци во МИК Кавадарци и ЈЗУ Здравствен дом.
Пружена правна заштита .

**РСП Штип**
Одржан собир на работниците во Основниот суд Штип и формирање на работни групи заради потпишување на Колективниот Договор на ниво на Основна синдикална организација.

**Синдикална канцеларија Гостивар**
Формирање нова синдикална организација во ЈП Комуналец од Гостивар.

**Синдикална канцеларија Кичево**
Изготвен приговор и тужба на вработен во АД Тајмиште Кичево заради престанок на работен однос и одржување на рочиште во Основниот суд Кичево

**Синдикална канцеларија Пробиштип**
Остварена средба и пружена правна помош на вработени во ЈП „Никола Карев“.
Реализација на Кампањата на ССМ за заштита при работа и нејзина примена во АД „Стрмош“ од Пробиштип.

**Синдикална канцеларија Радовиш**
Работен состанок на претседателот на СУТКОЗ, Дарко Димовски со вработените во ЈП „Плаваја“ од Радовиш во врска со договорите за вработување.

Сојуз на синдикатите на Македонија
ул. „12-та Македонска Бригада“ бр. 2а, 1000 Скопје
контакт тел. 02 3161 374, 02 3225 937